**Упатство за кандидирање и начинот на гласање за изборите за Факултетското студентско собрание при Факултетот за драмски уметности, - Скопје**

Почитувани колеги, студенти на Факултетот за драмски уметности - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
Во продолжение на ова упатство можете да ги најдете сите потребни информации за претстојните избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на ФДУ.

Целта на ова упатство е да им помогне на сите студенти кои се заинтересирани да бидат дел од Факултетското студентско собрание на ФДУ, како и да ги информира сите студенти на факултетот за целата постапка при изборот на студентски претставници. За било какви дополнителни прашања, поврзани со надлежностите, правата и обврските на членовите на Собранието, како и со процесот на кандидирање, тековните членови и претседател на ФСС ФДУ ви стојат на располагање.

Со почит,
Факултетско студентско собрание
Факултет за драмски уметности - Скопје

## I ДЕЛ: ПРАВИЛА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

### 1. Распишување на изборите

Согласно статутот на Факултетското студентско собрание на ФДУ изборите за членови во Факултетското студентско собрание ги распишува деканот на Факултетот 30 дена пред нивното одржување.

### 2. Пријавување на кандидати

Според член 19 и член 20 од статутот на ФСС ФДУ, студентите сами се пријавуваат за кандидати за членови во Факултетското студентско собрание од соодветните студиски програми, а секој студент има право и да предлага кандидат/и. Се кандидираат најмалку 1 кандидат повеќе од бројот на кандидати што треба да бидат избрани за член/членови во Факултетското студентско собрание од соодветната студиска програма. Пријавувањето на кандидати ги организира Факултетското собрание во периодот од распишување избори од страна на Деканот до најкасно 7 дена пред одржување на изборите.

### 3. Број на претставници и кандидати по катедри

Согласно чл. 16 од статутот, Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници на студентите од сите катедри под следните услови:

- Доколку на катедрата се запишани помалку од 3 студенти - 1 претставник
- Доколку на катедрата се запишани повеќе од 3 студенти - 2 претставници
- Доколку на катедрата се запишани повеќе од 8 студенти - 3 претставници
- Доколку на катедрата се запишани повеќе од 10 студенти - 4 претставници

Минимум претставници од една катедра во собранието мора да биде 1, додека пак максимум претставници од една катедра во собранието може да има 4.

Вкупниот број на претставници на студентите во Факултетското студентско собрание брои 14 претставници на студентите.

Според списокот на студенти запишани во зимскиот семестар во учебната 2025/26, на овогодинешните студентски избори Факултетското студентско собрание го сочинуваат студенти, распределени по следен распоред, согласно бројот на студенти запишани по катедри, и тоа:

- **Катедра за актерска игра – 4 члена**
- **Катедра за театарска и филмска драматургија – 1 члена**
- **Катедра за театарска режија – 1 члена**
- **Катедра за продукција – 2 члена**
- **Катедра за филмска и ТВ режија – 2 члена**
- **Катедра за филмско и ТВ снимање – 2 члена**
- **Катедра за филмска и ТВ монтажа – 2 члена**

**Мандатот на претседателот и на членовите на Факултетското студентско собрание е една година со право на уште еден избор.**

Избраните членови на студентите во Факултетското студентско собрание имаат право и обврска да учествуваат во неговата работа, да ги застапуваат интересите на студентите, да избираат преставници во универзитетското студентско собрание, во органите и телата на Факултетот, да се самоорганизираат.

### 4. Избор на членови и претседател

Согласно член 21 од Статутот на ФСС, изборот на членови во Факултетското студентско собрание се врши со тајно гласање. За избор на членови во Факултетското студентско собрание се изготвува едно гласачко ливче. За избрани членови во Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

Студентите на изборите може да гласаат за своите колеги кандидати од сите катедри независно на која катедра се запишани, а на истите избори за членови, гласаат и за претседател на Факултетското студентско собрание.

## II ДЕЛ: ПРАВИЛА И НАЧИН ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ НА ИЗБОРИТЕ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

### 1. Кандидати и избор на претседател

Согласно член 28 од Статутот на ФСС, изборот на Претседателот на Факултетското студентско собрание е во термин кога се избираат и преставниците на судентите во Факултетското студентско собрание.

**За претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот со најмалку трет семестар завршен (положени сите испити заклучно со трет семестар).**

За претседател на Факултетското студентско собрание е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

### 2. Спроведување на изборите

Изборите за членови и претседател на Собранието ги спроведува Изборна комисија составена од тројца студенти и двајца преставници од наставен кадар на Факултетот. Претставниците од наставниот кадар ги определува Деканот, додека пак претставниците од студентите ги определува Факултетското студентско собрание.

Со процесот на пријавување на кандидати раководи Изборната комисија која донесува одлука со која констатира дека пријавените/предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат номинирани за членови во Факултетското студентско собрание.

### 3. Начин на пријавување/предлагање кандидати

Студентите сами се пријавуваат за кандидати за членови во Факултетското студентско собрание од соодветните студиски програми, а секој студент има право да предлага кандидат/и за ФСС. Истот начин важи и за кандидирање за претседателна ФСС ФДУ.

Начинот на кандидирање и пријавување за членови на Факултетското студентско собрание ќе се врши со доставување пријавите преку архивата на Факултетот или електронски на службената меил адреса на Факултетот fdu@ukim.edu.mk.

Пријавата треба да ги содржи следниве информации:

- Име и презиме на кандидатот;
- Студиска програма на која е запишан;
- Број на индекс;
- Доколку студентот предлага друг кандидат, потребно е да обезбеди согласност за пријавување од студентот кој го предлага. Пример: да ја вметне е-адресата на студентот кој го предлага на пријавата, по што предложениот кандидат треба да ја потврди кандидатурата.

Рокот за доставување на пријави е до **19.11.2025 година (среда) до 16:00 часот.**

### 4. Начин на гласање

Денот, часот и местото на одржување на изборите е определен со Одлуката за распишување избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за драмски уметности Скопје, односно истите ќе се одржат на 27.11.2025 год. (четврток), во периодот од 10:00 до 13:00 часот, на Факултетот за драмски уметности, со тајно гласање.

Гласањето се завршува точно на денот и во часот наведени во Одлуката за распишување на изборите.

Според структурата на Факултетско студентско собрание, студентите можат да гласаат најмалку за еден кандидат, а најмногу за онолку кандидати колку што е предвидено да има од секоја катедра.

За претседател може да се гласа за еден кандидат, а доколку има само еден кандидат, се гласа со заокружување ЗА или ПРОТИВ

## 5. Пример за содржина на пријавата

### 5.1. За самостојно пријавување

„Јас_________________________________, со број на индекс__________, запишан/а на студиската програма________________________, со овој допис се пријавувам за функцијата__________________(член/претседател) на Факулетското студентско собрание на Факулетот за драмски уметности - Скопје.“

### 5.2. За предлагање кандидат

„Јас_________________________________, со број на индекс__________, запишан на студиската програма _____________________ , со овој допис го предлагам студентот/ката______________________________, со број на индекс__________, запишан/а на студиската програма ___________________, за функцијата ________________ (член/претседател) на Факултетското студентско собрание на Факултетот за драмски уметности - Скопје.“